**Alliance for Water Stewardship (AWS)** е глобална група на бизниси, НВО и јавен сектор, кои преку својата сертификација промовираат придржување кон универзалната рамка за зголемена свесност за употребата на вода и нејзиното влијание, од страна на големите корисници на вода, како и транспарентно и одржливо управување со водените ресурси.

Стандардот промовира грижа за нешто што не е во наша сопственост, преку вклучување на заинтересираните страни и делување не само во кругот на компанијата, туку и во рамките на речниот слив (и пошироко), потенцирајќи ја важноста за достапност на свежа питка вода.

Имплеметацијата на AWS поттикнува, препознава и вреднува добри пракси за управување со водни ресурси и поддржува:

- Разбирање на зависностите од процесите и влијанијата врз водените ресурси
- Намалување на влијанието на оперативните ризици и ризиците поврзани со вода во целиот производствен циклус (од суровина до готов производ)
- Воспоставување на програми за одговорно управување со водени ресурси
- Градење на релации со локалните заинтересирани страни
- Адресирање на заеднички предизвици со заинтересираните страни

Пивара Скопје АД е **прва компанија во земјата**, меѓу 200 компании од светот, која во 2020 година се сертифицираше по стандардот Alliance for Water Stewardship, со највисокото ниво на постигнување **"**Platinum certificate".



Управувањето со водни ресурси во компанијата го оствaруваме преку:

- Фокус на потрошувачката на вода во секој чекор од производствениот процес и негово **оптимизирање**
- Вклученост на **лидерските тимови** во остварување на целите на стандрадот
- Вклученост на **сите** вработени во континуирано следење на загубите на вода преку т.н. “Near loss” програма
- Континуирана **обука** на вработените за подигнување на свеста за значењето на водата
- Отворена платформа за споделување на **идеи** за проекти за подобрување
- Дефинирање на **ризици** и нивно надминување, како и дефинирање на **можности** и нивно остварување




Топ 3 ризици за 2022:

- Достапност до информации од јавен карактер за развивање на AWS програмата
- Свесност и заинтересираност на заедницата за препознавање на заеднички предизвици и делување во насока на нивно надминување
- Влијание на човекот врз заштитените водни богатства и достапноста до питка вода

Топ 3 можности за 2022:

- Зајакнување на релациите со заинтересираните страни со цел подигнување на свеста во заедницата за значење на водните ресурси и заштита на значајните природни подрачја
- Обезбедување на вода за пиење за сите на кои им е неопходна
- Имплементирање на добри пракси во рамките на компанијата препознаени од корпорациите

Топ 3 заеднички предизвици со нашите партнери:

- Заеднички еко-акции и ремедијација на водни богатства
- Вклучување на јавноста, застапување и лобирање во носење и промена на јавните политики
- Дигитализација на податоци, прогноза и проекции за воден стрес и загадувачки материи

Тренд на оперативна ефикасност – искористување на вода за производствени процеси (Water Usage Ratio)




Пивара Скопје го потврдува своето усогласување со корпоративните и барањата на меѓународните стандарди за управување со водни ресурси и животна средина, преку сертификација на ISO 140001 и AWS .